**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, м-р Арѓенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:35 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-от кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.06.2022 година.
2. Предлог–одлука за одземање на дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.
3. Предлог за донесување на одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
4. Предлог за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.06.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог–одлуката за одземање на дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ

ДООЕЛ Охрид. Објасни дека радиодифузерот емитува програма на локално ниво на подрачјето на општина Охрид. Наведе дека Агенцијата неколку години наназад има сериозен проблем со меѓусебната комуникација, дури и во ситуација кога АВМУ ги доделуваше донациите на радиодифузерите и тој процес траеше доста долго, така што последната донација кога требаше да се додели во јануари оваа година, успеа после неколку месеци да се реализира. Со оглед на фактот дека сопственикот не живее во Македонија, туку во Германија, комуникацијата се одвиваше со неговата ќерка и адвокатот. На 19 април Агенцијата беше известена од страна на радиодифузерот дека му е донесено Решение за одземање на дозволата за користење на радиофреквенција од АЕК. После неколку дена на 27 април Агенцијата и од АЕК доби известување дека му е отповикано одобрението за користење радиофреквенции. РА ЛАВ не емитува програма подолго време и согласно ЗААВМУ доколку во рок од 30 дена не емитува програма ќе треба да се започне постапка за одземање на дозволата за радио емитување. Советот на Агенцијата беше толерантна бидејќи од денот кога Агенцијата беше известена од негова страна се поминати повеќе од 3 месеци, период во кој што имаше можност како и некои други радиодифузери на кои исто така им беше отповикано одобрението, во меѓувреме да го платат надоместокот кон АЕК и да им биде вратено одобрението за користење радиофреквенции. За жал, овој радиодифузер не постапи така и бидејќи е отпочната постапка за одземање на дозволата, потоа фактот дека не го платил надоместокот кон АЕК и не му е вратено одобрението за користење радиофреквенции, се предлага да му се одземе дозволата за радио емитување.

Г-дин Петрушевски наведе дека воопшто не е пријатна ситуацијата кога се одзема дозвола на некој радиодифузер, но ова е изнудено решение од технички причини и рече дека не гледа друга можност освен Советот да ја донесе Одлуката онака како што е предложена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски рече се надева дека во иднина нема да има премногу вакви случаи за овие мали радиодифузери.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека согласно ЗААВМУ и согласно Годишната програма за работа и Финансискиот план на АВМУ беше предвидено за членовите на Советот 6 месеци да има надомест а 6 месеци за плата во случај Собранието да ги избере новите членови

на Советот. Со оглед на фактот дека тоа не се случи, се врши пренамена на средствата за исплата на надоместок на членовите на Советот за наредните 6 месеци. Наведе дека сите елементи за ребалансот на Финансискиот план се дадени во материјалите за предлогот и доколку имаат прашања, одговор ќе даде раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ.

Г-дин Петрушевски рече дека се работи за уште една изнудена одлука која Советот треба да ја донесе.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-1929/1 од 09.05.2022 година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план за 2022 година, вкупните планираните расходи остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 133.754.238,00 денари.

Со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 4.800.000,00 денари, наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека има Барање од Сојузот на Синдикати на Македонија не само упатено до Агенцијата туку до сите институции на државно ниво за да се зголеми линеарно платата за 2.806,00 денари во нето износ. Информира дека во врска со ова барање во овој момент пред Собранието на РСМ има штрајк каде што од пратениците се бара да се усвои овој предлог за работниците. Во меѓувреме повеќе институции во државата кои директно не зависат од Буџетот ги зголемија платите како на пример општина Струмица, Град Скопје, во некои јавни претпријатија, општина Гостивар итн. Согласно поднесената Иницијатива од Синдикалната организација на АВМУ и согласно дека има средства се предлага да се зголеми линеарно платата на сите вработени за 2.806,00 денари.

Г-дин Петрушевски рече дека пред неколку дена лично го потпишал ова решение. Синдикатот од институцијата каде што работи се договорил со градоначалничката на Град Скопје и ова покачување е веќе реализирано за 500-600 вработени. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**
Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-2530/5**

**08.07 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**